Република Северна Македонија
Јавна установа
МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА
РАБОТА
04-2085/10-1
10.09.2026 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 212 став 17 и став 18 од Законот за Социјална заштита („Сл.весник на РСМ „бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), член 21 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор(„Сл.весник на РМ „бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија 143/19, 14/20 и 208/24), и член 22 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа –Прилеп, В.Д.Директорот на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа-Прилеп донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За неизбор на давател на јавна услуга, на неопределено време за работното место Правник** Стручен службеник во УСЗ од петто ниво во **Служба за услуги од социјална заштита - Оддел за информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка и услуги на советување при ЈУ МЦСР-Прилеп**

НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на давател на јавна услуга, на неопределено време, **за работното место Правник** Стручен службеник во УСЗ од петто ниво **во Служба за услуги од социјална заштита - Оддел за информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка и услуги на советување при ЈУ МЦСР-Прилеп**

Решението ќе се применува од денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга, формирана со Решение донесено од В.Д.Директорот на ЈУ МЦСР-Прилеп бр. 0401-2085/6 од 31.08.2026 година, а во функција на спроведување на постапката за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга за извршување на работите на работното место **Правник** Стручен службеник во УСЗ од петто ниво **во Служба за услуги од социјална заштита - Оддел за информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка и услуги на советување при ЈУ МЦСР-Прилеп**, а по објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, бр.1/2026 од 20.08.2026година во дневните весници „Вечер„ и „Коха„ спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју, Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга изготви записник бр.0401-2085/7-1 од 07.09.2026година и до В.Д.Директорот на ЈУ МЦСР-Прилеп достави соодветна ранг-листа, бр.0401-2085/8-1 од 07.09.2026година.

Согласно доставената ранг- листа, не се изврши избор како во диспозитивот на ова решение .

Се донесе решение како во диспозитивот а врз основа на член 212 став 17 и став 18 од Законот за Социјална заштита каде стои дека: Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг-листата од комисијата за селекција, која се објавува на огласната табла на установата и на веб страницата на установата.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од **8 дена** од денот на приемот на решението и неговото објавување на огласна табла на установата. Жалбата се предава непосредно или по пошта, а може да се изјави и на записник.

Да се достави до
- досие
- архива

ЈУ МЦСР-Прилеп
В.Д.Директор

Зоран Малкоски